Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 мај 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “ВЕЈАЧКА” издадена на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АК ХИДРО 2016 ДООЕЛ Тетово со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 305/20, 200/21, 272/21, 92/22, 177/22, 227/22, 23/23, 111/23 и 247/23).

2. Во Прилогот, во точка 4 зборовите “10 мај 2024 година” се заменуваат со зборовите “4 ноември 2024 година”.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АК ХИДРО 2016 ДООЕЛ Тетово, со седиште на ул. “Браќа Миладиновци” бр. 402, Тетово (во понатамошниот текст: Друштво), на 9 мај 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “ВЕЈАЧКА”, преку која треба да ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-258/24 од 9 мај 2024.

Согласно член 8 став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 10 мај 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Регулаторната комисија за енергетика, на Барања на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за МХЕЦ “ВЕЈАЧКА” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/19) и Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за МХЕЦ “ВЕЈАЧКА” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 305/20, 200/21, 272/21, 92/22, 177/22, 227/22, 23/23,111/23 и 247/23).

Друштвото, како причина за побараното го продолжување наведе дека постапката за решавање на имотно правните односи не е комплетно завршена.

Согласно член 25 став (2) од Правилникот за лиценци согласно кој Регулаторната комисија за енергетика врз основа на доставените податоци од причините за продолжувањето на лиценцата за пробна работа го определува рокот за продолжување на лиценцата за пробна работа, Регулаторната

комисија за енергетика го определи датумот на продолжување на лиценцата за пробна работа 4 ноември 2024 година, имајќи во предвид дека рокот за изградба на објектите на електроцентралата е продолжен до 4 ноември 2024 година согласно Анекс бр.8 на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка бр.11-2142/1 од 26 март 2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана од Министерката за животна средина и просторно планирање Каја Шукова како „Давател на концесија“ или „Концедент“ и Друштвото како „Концесионер“ (арх.бр.0307/003-2 од 9 мај 2023 година) врз основа на барање и приложена документација од страна на концесионерот за продолжување на рокот за изградба на малата хидроелектроцентрала, а прифатено од Владата на Република Северна Македонија, со Заклучок усвоен на 19-та седница одржана на 2 мај 2024 година. Со овој Анекс рокот за изградба на објектите се определува до 4 ноември 2024 година. Анексот стапува во сила со денот на потпишувањето од овластените претставници на договорните страни..

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа донесе Решение бр.02-881/2 од 10 мај 2024 година, со кое одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 10 мај 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “ВЕЈАЧКА” на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АК ХИДРО 2016 ДООЕЛ Тетово, до 4 ноември 2024 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-258/24**
**10 мај 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**